**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Скопје, 17.01.2005 година

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**
од 2.седница на
Националниот Совет за платни системи на Република Македонија

На втората седница која се одржа на 24.12.2004 година со почеток во 10 часот во просториите на Народна Банка на Република Македонија, Националниот Совет за Платни Системи на Република Македонија (во продолжение НСП) по точките од дневниот ред ги донесе следните заклучоци и препораки:

**Т.1 Усвојување на записникот од 1.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

НСП едногласно го усвои записникот од 1.седница на НСП.

**Т.2 Известување за превземени активности по заклучоците од 1.седница на Националниот совет за платни системи на Република Македонија:**

**Т2.1 Стандардизација на Решение за извршување;**
Националниот совет за платни системи по однос на стандардизацијата заклучи дека во образецот за Решение за извршување да се внесе елемент за даночниот број на должникот, како и потребните елементи што ќе произлезат од известувањето на Управата за Јавни Приходи со цел предложената стандардизација биде прифатлива за сите институции кои носат решенија со извршен наслов. Управата за Јавни Приходи во рок од 3 денови ќе го достави известувањето до Народна банка на Република Македонија. Народна банка на Република Македонија по ревидирањето на Образецот РИ истиот ќе го достави до Министерството за правда, кој понатаму Министерството за правда ќе го проследи до Врховниот Суд на Република Македонија.
УЈП на ден 13.01.2005 година достави известување со кое укажува дека предложеното решение за извршување од сметката на должникот не соодветствува на постапката за присилна наплата на утврден а неплатен долг, која ја спроведува УЈП, согласно Законот за утврдување и наплата на јавните приходи и не е идентична со постапката што ја спроведува судот.

**Т2.2 Извршување на гаранции од страна на носителите на платен промет;**
Националниот совет за платни системи со оглед на тоа што треба да се земат во предвид забелешките од ФСАП мисијата заради целосно усогласување со базичните принципи за системски важните платни системи препорача Министерството за Финансии уште еднаш да ја разгледа можноста за бришење на член 14, став 1 точка 2 од Законот за платен промет, со оглед дека по однос на ова прашање постои целосна подршка од останатите

членови во Националниот совет за платни системи. Доколку одговорот од Министерството за финансии остане ист тогаш да се премине на заклучокот од 1.седница т.е сеопфатно да се разгледа предлогот за нов платен инструмент и да се допрецизира начинот на неговото користење, водејќи сметка за надминувањето на забелешките на ФСАП мисијата.

**Т.3 Разгледување на предлогот на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за измени во платните инструменти.**

НСП позитивно се изјасни по предлогот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија да се воведат потребните дополнувања во постојниот платен инструмент ПП 50, со таа разлика што истиот за потребите на Фондот за ПИОМ да биде во црно бела боја и цел на дознака ќе биде задолжителен елемент за ФОЛИО бројот кој го доделува ПИОМ. За таа цел потребно е надлежниот орган (Министерството за финансии) да ја спроведе понатамошната постапка за измените во платниот инструмент со оглед на потребите и роковите наведени во дописот од Фондот за ПИОМ кој беше даден во прилог на материјалите по оваа точка од дневниот ред.

**Т.4 Разгледување на законските решенија за блокирање на сметките на должниците од страна на банка.**

НСП врз основа на дискусијата по законските решенија во Законот за платен промет, Законот за извршна постапка, Законот за УЈП, Закон за пензиско и инвалидско осигурување и Царинскиот закон за блокирање на сметките и постоечките прописи заклучи дека банките може да блокираат сметки врз основа на договорни овластувања дадени од должникот само на неговата сметка во банката.
Од друга страна не постојат други основи за блокирање на сметки освен постоечките основи кои се наведени во Упатство за размена на податоци со Клириншката куќа КИБС ад Скопје и истите се усогласени со законите. Можноста за блокирање на сметки по однос на договорни овластувања дадени од должникот и на сметките на должникот кај други банки треба да се разгледа во точка 5, преку предлози за измени и дополнувања на Законот за платен промет.

**Т.5 Разгледување на предлози за измени и дополнувања на Законот за платен промет.**

НСП донесе Одлука за формирање на Работна група. За членови на работната група од редот на претставниците на Здружението на банкарството и осигурувањето при Стопанска комора на Македонија се предложени Снежана Лутвиовска од Стопанска банка АД Скопје и Билјана Митевска од Комерцијална банка АД Скопје. Министерството за финансии и Народна банка на Република Македонија ќе назначат уште по два свои претставници во работната група. Работата на работната група ќе ја координира еден од претставниците на Народна банка на Република Македонија. Работната група во согласност со предлозите и материјалите по точка 5 и светското искуство за дадената област имајќи ги предвид базичните принципи за системски важните платни системи на БИС има задача да состави **предлог за измени и дополнување на Законот за платен промет**. На работната група и се препорачува во делот кога ќе се дискутира за измени во член 11 од Законот за платен промет да покани претставник од Клириншката куќа КИБС АД Скопје. Работната група до Претседателот на НСП ќе достави план за работа.

**Т6. Разгледување на предлозите за прецизирање на подзаконската регулатива која произлегува од Законот за платен промет:**

НСП заклучи формираната работната група од претходната точка на дневниот ред да ги разгледа предлозите за прецизирање на подзаконската регулатива и да состави предлог за измени и дополнување на истата.

Емилија Нацевска
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи